# З А П И С Н И К
**од 51-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 07.08.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.00 часот.
Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Јасмина Јовановска, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, Сашо Михајловски и Сандра Пејковска присутни во салата и советниците Даниела Давидевска и Аце Јанкуловски, во работата на советот учествуваа со употреба на комуникациски средства преку телефон согласно Одлуката за работа на Совет на општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска и Мише Милошевски. На седницата присутни беа претставник од основните училишта Марина Давидовска, од ЈОУДГ „Втори Септември“ Цане Трајчевски, претставник од Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Зоранчо Здравевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.
-Усвојување на записник од 50 та седница на Совет на Општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.
-Усвојување на записник од вонредна седница на совет на општина Демир Хисар одржана на 11.07.2025

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.06.2025 година
2. Донесување на Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година.
3. Донесување на План за развојни програми на општина Демир Хисар за 2025 година.
4. Донесување Одлука за давање на користење, просторија сопственост на Општина Демир Хисар.
5. Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово.
6. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата ги извести советниците во работата на советот двајца советници ќе учествуваат со употреба на комуникациски средства односно ќе бидат вклучени преку телефон, бидејќи се спречени да бидат присутни во салата. Потоа го стави предложениот Дневен ред на расправа, при тоа предложи дополнување на дневниот ред со две точки

и тоа 4. Донесување Одлука за давање на користење, просторија сопственост на Општина Демир Хисар и 5.Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово. Советниците нема забелешки. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.06.2025 година***

Кварталниот извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.06.2025 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет. Во врска со кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за што е исплатено на Гоце Трпчевски тој повеќе не е вработен како пожарникар во општината, и зошто тужат поединечно ако е за исти проблем зошто не е задно вака само давачки за адвокат, исто така побара објаснување за програмата Ј2 прочистување на отпадни води во речно корито односо за чистење на речно корито во Сопотница да се даде попрецизно објаснување од каде до каде е чистено и во кој период. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски исто така побара објаснување за чистењето на речното корито во Сопотница и до него имало реакции од населението кога е чистено и каде. Претсатвничката од општината Марина Поповска објасни за исплатата на Гоце Трпчевски е за периодот кога беше вработен, нема точно правилник за исплата, така тужат поединечно, сега дојде пресудата за него. За чистењето на речното корито во Сопотница е извлечено она што го пишува во фактурата, за работата на терен неможи да даде објаснување. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување во врска со средствата потрошени за дезинсекција, дали можи да се направи контрола со какви средства се врши прскањето или во набавката да стои кој средства се користат и да можи да се провери кои средства се ставаат при прскање. Многу средства се трошат, а ефект скоро и да нема. Кон дискусијата се приклучи и советникот Валенртин Несороски за ова се имаше разговарано и предходно. Во врска со ова објаснување имаше претставникот Мише Милошевски средствата ги ставаат во присуство на вработен од општината во соодност 1:9 тие ги отвараат и ги ставаат, овај третман е за намалување на популацијата не можи целосно да се уништи, и ова ги опфаќа возрасните комарци, прскањето се врши по улиците и патиштата. За поголема ефикасност треба авионско прскање, но тоа бара многу средства општината не е во можност, не само нашата општина поголем број на општини на ваков начин вршат дезинсекција, авионско прскање можи да си дозволи да врши државата. Советникот Валентин Несороски праша колку е разликата меѓу прскање од копно и авионско прскање. Претставникот Милошевски објасни се правеше пресметка за прскање по текот на речното корито околу 1.500.000 тоа се многу средства. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување до каде е постапката со покривот на спорската сала во ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Жван, имаше поднесено барање се разговараше на совет, дадовме позитивно мислење, дали тоа ќе се среди до почетокот на школската година. Дали е одговорено по барањето. Колку средства потребни се за тоа. Претставничката од основните училишта Марина Давидовска објасни не е одговорено. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали има некаква можност да се направи нешто. Претставникот Мише Милошевски објасни ако се забрза работата Министерството за образование секоја година прибира барања, можи да се побараат средства, досега не сме побарале треба да се изготви техничка документација и да се аплицира. Претставникот Мише Милошевски објасни предходно се правеше пресметка околу 10.000 евра сега треба да се види во каква состојба е можеби и таванот ќе треба да се санира. Советничката Марина Димитријовска предложи да се направи нешто привремено да се санира. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок да се направи увид и да се преземе нешто. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен кварталниот извештај.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 2. Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година***

Одлуката за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоена Одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 3. План за развојни програми на општина Демир Хисар за 2025 година***

Планот за развојни програми на општина Демир Хисар за 2025 година беше усвоен од страна на комисијата за финансии и буџет. За планот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска праша дали општината ќе финансиски ќе учествува во овие проекти, исто така праша дали средствата ќе можат да се пренаменат за други проекти. Претставникот Мише Милошевски објасни во овие проекти општината нема да кофинансира целосно ќе бидат покриени од министерството, средствата ќе се користат исклучиво за овие проекти нема можност да се пренаменуваат. Советничката Марина Димитријовска праша како е одлучено со кој проекти ќе се аплицира. Потоа забележа овие седум проекти би требало да бидат дел од програмите. Претставникот Мише Милошевски објасни некои проекти биле готови, некаде има улици кои не биле асфалтирани сега се става асфалт, програмите ги носи советот, на повеќе места има потреба од интервенција постапно ќе се опфаќа, има повеќе проекти кој се во постапка за изготвување за улиците во Блече во постапка е техничка документација, во постапка е изработка на проект канализација во Вардино, има барање за финансирање од Министерство за животна средина има обезбедноно средства, водовод во Слепче има обезбедено средства, во постапка проект за реконструкција на пат до манастирот во Слепче, проект за Суводол од регионалниот пат до домот, патот до манастирот Св. Атанасиј Сопотница таму посложена постапката, се е инфраструктура, има и готови проекти за Журче за мостот и улица, канализација за Жван треба да се добијат мислење од соодветни институции. Советникот Јордан Кромидаровски праша за улиците во Смилево. Претставникот Мише Милошевски објасни треба да се аплицира проект има. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесен планот за развојни програми.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 4. Одлука за давање на користење, просторија сопственост на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за давање на користење, просторија сопственост на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставничката Александра Трајковска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски дополни градоначалникот носи одлука ние да донесиме заклучок дека се согласуваме. Претставничката Трајковска објасни советот треба да донеси одлука. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 5. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово***

За Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово објаснување имаше претставничката Александра Трајковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 51-вата седница.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо најдовски ги извести советниците до советот има поднесено барање од МЗ Суводол и МЗ Кутретино бараат финансиска помош од околу 60.000 денари за поставување на крст во областа околу манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ Суводол. Барањето беше одобрено со 11 „за“ да се одобри помош од 60.000 денари.

Советничката Марина Димитријовска имаше прашање до градоначалникот, бидејќи не беше присутен можи и писмено да и биде одговорено.

Прашењето е во врска решението за разрешување на директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар како можи да биди разрешена во период кога училиштето користо колективен одмор исто така и таа е на боледување. Потоа додаде имало оглас за наставен кадар, неможеле да обезбедат кворум, бидејќи некои членови на Училишниот одбор вооптшто не одат на состаноци, која е поентата да не се вработи наставен кадар. Тоа ќе претставува проблем за почетокот на учебната година. Како е донесено решението без училишен одбор, би требало да се поведе постапка пред него, ако не е така постапено тогаш е незаконски. Преходно на два наврати се правени обиди да се разреши, дали смее градоначалникот да е разреши кога на општината и се одземени ингеренциите, директорката е именувана од министерството тој што ја избира тој има право и да ја разреши, освен ако и се дадени ингеренциите на општината добро. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја објасни постапката за разрешување и именување. Советничката Марина Димитријовска праша дали има таква постапка, претседателот на советот Најдовски објасни колку што има информација немало кворум на училишниот одбор присутни биле 6 членови од вкупно 12. Советничката Марина Димитријовска додаде тоа било за наставниот кадар. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 900/2
27.08 .2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.